АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

# О Д Л У К А
## за ограничувања на вложувањата во одделни видови инструменти различни од ограничувањата утврдени во член 107 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Скопје, јануари 2006 година

Врз основа на член 106 став (5) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004 и 113/2005 година), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување, на седница одржана на 23 јануари 2006 година, донесе

# О Д Л У К А
## за ограничувања на вложувањата во одделни видови инструменти различни од ограничувањата утврдени во член 107 од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

Член 1

Максималниот процент од вредноста на средствата на пензискиот фонд кои можат да се вложат во инструментите од членот 105 став (1) точки а) и в) од Законот:

- за период од 23.01.2006 година до 23.02.2006 година изнесува 100%;
- за период од 24.02.2006 година до 23.04.2006 година изнесува 80%;

Член 2

Максималниот процент од вредноста на средствата на пензискиот фонд кои можат да се вложат во инструментите од членот 105 став (1) точка д) од Законот:

- за период од 23.01.2006 година до 23.03.2006 година изнесува 100%;

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување со членот 107 се пропишани ограничувањата на вложувањата на средствата на пензиските фондови во различните видови на инструменти и групи на инструменти пропишани во член 105 став (1) од истиот Закон. Понатаму во член 106 став (5) од Законот е дадена можност Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување, која освен супервизорска има и регулаторна функција, да пропише различни ограничувања на вложувањата од наведените во Законот, за период не подолг од пет години сметано од датумот кога ќе започне уплатата на придонесот во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Врз основа на информациите и проценките, Агенцијата утврди дека во почетниот период, пензиските фондови ќе располагаат со мал обем на парични средства. Инвестирањето на тие средства во согласност со постоечките законски ограничувања би довело до поголеми трансакциони трошоци наспроти приносот од тоа инвестирање и до извесно намалување на вредноста на средствата на пензиските фондови. Таквата констатација се темели на малата сума на пари која би ја акумулирале пензиските фондови во почетниот период, како и малиот принос кој може да се оствари на тие средства. Бидејќи инвестирањето на средствата во депозити не предизвикува трансакциони трошоци, а инвестирањето во државни хартии од вредност кои се нискоризични и високо приносни, а со минимални трансакциони трошоци од 0,12%, Агенцијата со оваа одлука има за цел да се надминат овие состојби кои се карактеристични за почетниот период сметано од датумот на уплата на придонесите во вториот столб. На овој начин со одлуката ќе се обезбеди почетните средства да можат веднаш да се инвестираат со минимални или никакви трошоци што е во интерес на членовите на пензискиот фонд. Преодниот период се предвидува да трае до 3 месеци, при што се почнува со ограничување од максимум 100%, па лимитите постепено се намалуваат до 80% и 60% како што се законските лимити. Имено, за државните хартии од вредност постоечкото законско ограничување од 80% во првиот и вториот месец да се зголеми на 100%, за во почетокот на третиот месец да се врати на законското; за депозитите и сертификатите за депозит постоечкото ограничување од 60%, во првиот месец да се зголеми на 100%, а во вториот и третиот месец да се намали на 80%, за да во почетокот на четвртиот месец се врати повторно на законското решение.

**Проценки користени за ограничувањата дадени во одлуката**

Во табелата бр.1 подолу, се пресметани износите од средствата на пензискиот фонд во првите два месеци од работењето, кои би можеле да бидат инвестирани во финансискиот инструмент од член 105 став (1) точка а) (банкарски депозити во банки кои имаат дозвола издадена од  Народната банка на Република Македонија, доколку носат камата), врз основа на три сценарија за максималниот износ на средства на пензискиот фонд кои може да бидат вложени во финансиските инструменти на една домашна банка: законското (60%), или можните измени од (80% и 100%).

Табела бр.1 : Почетни придонеси по пензиски фонд

| **Во илјада денари** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно средства** | **60%** | **80%** | **100%** |
| јануарска плата 2006 | 50.570 | 30.342 | 40.456 | 50.570 |
| февруарска плата.2006 | 102.370 | 61.422 | 81.896 | 102.370 |

Придонесите постепено ќе се влеваат во пензиските фондови, бидејќи обврзниците за уплата на придонес, јануарската плата и придонесот ќе ги исплаќаат дел во текот на јануари и најмногу во текот на февруари. Поради тоа вкупните средства расположливи за инвестирање (50,570 илјади денари), кои произлегуват од јануарските придонеси, пензиските фондови би ги имале кон крајот на месец февруари. Ако постои максимум за вложување во депозити помал од 100%, останатиот дел до 100% би требало да се инвестира во други дозволени инструменти, за кои се плаќаат трансакциони трошоци (брокерски провизии). Доколку пресметаме трансакциони трошоци од 1% на остатокот од средствата кои не би биле депонирани во банка (40%, 20% и 0%), трошоците за пензискиот фонд би биле следни:

Табела бр.2 : Трансакциони трошоци

| **Во денари** | | | |
|---|---|---|---|
| | 40% | 20% | 0% |
| фев.2006 | 202.280 | 101.140 | 0 |
| март2006 | 409.480 | 204.740 | 0 |

Врз основа на табелата бр.2 може да ги видиме паричните средства кои би биле заштедени врз основа на намалените трошоци во секое од сценаријата.

Заклучок е дека во случај на зголемување на лимитот кој се однесува на групата на банкарски инструменти и лимитот кој се однесува на државните хартии од вредност, приносот навистина може да се зголеми.

Со оглед на претходно наведеното, Управниот одбор одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, да го зголеми максималниот процент од средствата на пензиските фондови кој може да се вложи во инструментите наведени во член 105 став (1) точка а), в) и д) од Законот.

Бр. 02-66/5__________
23 јануари 2006г._____
С к о п ј е

Претседател на Управниот одбор,
д-р Ана Павловска Данева, с.р.